# Општина Гевгелија

Регион: Југоисточен

Организација ЕХО Штип

Период на реализација 16.07.2014 до 15.01.2015 г.

# *ДОСТАПНОСТ на документите за локалниот буџет и буџетски процес и структура*

Во овој период на веб страната на општина Гевгелија  достапни се:

- Буџетот на општина Гевгелија за 2014 година;
- Завршна сметка на буџетот на општина Гевгелија за 2013 година;
- Статут на општина Гевгелија
- **Буџетот на општина Гевгелија за 2015 година**

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *СТРУКТУРА на документите кои се однесуваат на локалниот буџет и буџетски процес.*

***Во Буџетот за 2015 година:***

- Расходите детално се прикажани по функционална класификација
- Расходите детално се прикажани по корисници
- Расходите детално се прикажани по програмска класификација
- Нема податоци за долгот
- Има макроекономски податоци
- Има образложение на расходи и програми
- Постојат детални податоци по различните класификации за претходната година/години
- Постојат детални податоци за следната година/години
- Нема граѓански буџет
- Има детални податоци за планирани и остварени приходи/расходи
- Градоначалникот навремено доставува квартални извештаи до Советот и Министерството за финансии
- Буџетскиот циркулар е доставен на 24. 09.2014 година.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *СОРАБОТКА со градските власти, документи и членови на советот на општината*

- Општина Гевгелија  делумно е отворена за соработка со граѓаните.
- Документите и информациите ги добивавме на лично барање.
- На веб страната на општината постои листа на советници со политичка припадност, но нема контакти со советниците. Членовите на Советот беа делумно отворени за соработка.
- Дневниот ред на седниците на Советот е достапен на веб страната.
- Присуството на седница на Совет не слободно и е обременето со процедури.
- Седниците на Советот во целост и директно телевизиски се пренесуваат во холот на општината, а присуство на граѓаниоте не е дозволено во салата каде се одржува седницата.
- Во Статутот на општината постојат одредби кои поблиску ја дефинираат транспарентноста и отчетноста на градските власти, поврзана со буџетскиот процес.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# Општина Валандово

Регион: Југоисточен

Организација ЕХО Штип

Период на реализација 16.07.2014 до 15.01.2015 г.

Коалиција за
буџетски мониторинг
www.kbm.mk

# *ДОСТАПНОСТ на документите за локалниот буџет и буџетски процес и структура*

Во овој период на веб страната на општина Валандово нема достапни финансиски документи.

Со барање за пристап до информации од јавен карактер го побаравме Предлог Буџетот за 2015 година и истиот благовремено го добивме.

На лично барање го добивме на увид Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2014-31.12.2014 и Буџетот на општина Валандово за 2015.

Проектот е финансиран од Европската Унија

CEA Center for Economic Analyses

форум

# *СТРУКТУРА на документите кои се однесуваат на локалниот буџет и буџетски процес.*

***Во Буџетот за 2015 година:***

- Расходите детално се прикажани по функционална класификација
- Расходите детално се прикажани по корисници
- Расходите детално се прикажани по програмска класификација
- Има податоци за долгот
- Нема макроекономски податоци
- Има образложение на расходи и програми
- Постојат детални податоци по различните класификации за претходната година/години
- Не постојат детални податоци за следната година/години
- Нема граѓански буџет
- Градоначалникот навремено доставува квартални извештаи до Советот и Министерството за финансии
- Буџетскиот циркулар е доставен на 24.09.2014 година

# *СОРАБОТКА со градските власти, документи и членови на советот на општината*

- Општина Валандово е отворена за соработка со граѓаните.*
- Документите и информациите ги добивавме на лично барање.
- На веб страната на општината не постои листа на советници со политичка припадност. Членовите на Советот беа отворени за соработка.
- Дневниот ред на седниците на Советот не е достапен на веб страната.
- Присуството на седница на Совет е слободно и не е обременето со процедури.
- Во локалните медиуми се известува за работата на Советот и одржаните седници.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# Општина Дојран

Регион: Југоисточен

Организација ЕХО Штип

Период на реализација 16.07.2014 до 15.01.2015 г.

# *ДОСТАПНОСТ на документите за локалниот буџет и буџетски процес и структура*

- Во овој период на веб страната на општина Дојран достапни се:

- Буџетот на општина Дојран за 2014 година;
- Завршна сметка на буџетот на општина Дојран за 2013 година;

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

Проектот е финансиран од Европската Унија

# СТРУКТУРА на документите кои се однесуваат на локалниот буџет и буџетски процес.

**Во Буџетот за 2014 година:**

- Расходите детални се прикажани по функционална класификација
- Расходите детални се прикажани по корисници
- Расходите детални се прикажани по програмска класификација
- Нема податоци за долгот
- Нема макроекономски податоци
- Има образложение на расходи и програми
- Постојат податоци по различните класификации за претходната година/години
- Не постојат детални податоци за следната година/години
- Нема граѓански буџет
- Во завршната сметка за 2013 година има детални податоци за планирани и остварени приходи/расходи
- Градоначалникот навремено доставува квартални извештаи до Советот и Министерството за финансии
- Буџетскиот циркулар е доставен на 24.09.2014-30.09.2014 година

Проектот е финансиран од Европската Унија

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

# *СОРАБОТКА со градските власти, документи и членови на советот на општината*

- **Општина Дојран е делумно отворена за соработка со граѓаните.***
- **Информациите од вработените во општинската администрација ги добивавме на лично барање.**
- **Дневниот ред на седниците на Советот не е достапен на веб страната.**
- **За присуството на седница на Совет постои процедура за најување на присуството.**

# Општина Богданци

Регион: Југоисточен

Организација ЕХО Штип

Период на реализација 16.07.2014 до 15.01.2015 г.

Коалиција за
буџетски мониторинг
www.kbm.mk

# *ДОСТАПНОСТ на документите за локалниот буџет и буџетски процес и структура*

**Во овој период на веб страната на општина Богданци достапни се:**

- **Буџетот на општина Богданци за 2014 година**
- **Завршна сметка за 2013 година и**
- **Буџетот на општина Богданци за 2015 година**

**Се објавуваат и записниците од седниците на Советот на општина Богданци.**

**Статутот на општината го добивме со барање за пристап до информации од јавен карактер.**

Проектот е финансиран од Европската Унија

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

# *СТРУКТУРА на документите кои се однесуваат на локалниот буџет и буџетски процес.*

***Во Буџетот за 2015 година:***

- Расходите детално се прикажани по функционална класификација
- Расходите детално се прикажани по корисници
- Расходите детално се прикажани по програмска класификација
- Има податоци за долгот
- Нема макроекономски податоци
- Нема образложение на расходи и програми
- Постојат детални податоци по различните класификации за претходната година/години
- Не постојат детални податоци за следната година/години
- Нема граѓански буџет
- Постојат детални податоци за планирани и остварени приходи/расходи во завршната сметка за 2013.
- Градоначалникот навремено ги доставува квартални извештаи до Советот и Министерството за финансии
- Буџетскиот циркулар е доставен од 24 до 30 септември 2014 година

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *СОРАБОТКА со градските власти, документи и членови на советот на општината*

- **Општина Богданци е отворена за соработка со граѓаните.**
- **Документите и информациите ги добивавме на лично барање и со барање за пристап до информации од јавен карактер без одлагања.**
- **Дневниот ред на седниците на Советот не е достапен на веб страната.**
- **За присуството на седница на Совет постои процедура за најавување на присуството.**
- **Во Статутот на општината постојат одредби кои поблиску ја дефинираат транспарентноста и отчетноста на градските власти, поврзана со буџетскиот процес.**

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *ПЕРЦЕПЦИЈА на Советот во однос на буџетскиот процес*

- Советниците користат некои од буџетските документи како: нацрт-буџетот, квартални извештаи, полугодишен и годишен извештај,и извештаи од ЈП основани од општината. E11
- Буџетскиот документи се разбирливи за советниците.
- Буџетскиот циркулар, предлог-буџетот и донесениот буџет се најважни документи. E12
- Најважни институции се: советот на општината, градоначалникот и Министерството за финансии.
- Најважни учесници се: градските власти, локални телевизиски станици и локални радио станици, како и граѓанскиот сектор.
- Мнозинството советници имаат доволно време за дискусија и разгледување на предлог буџетот и приоритетите пред неговото донесување. Мал бриј од нив се изјаснија дека немаат доволно време.
- Советниците сметаат дека влијаеле на внесување определени промени и забелешки во буџетот на општината.

Проектот е финансиран од Европската Унија

**E11** Советниците ги користат документите кои им се потребни за нивното учество во работата на советот. Други дополнителни документи поврзани со буџетските процеси ретко користат (Закон за буџет, подзаконски акти и сл.)
E; 14.11.2014

**E12** Причина за делумно разбирање на овие документи е нивната структурата  и недоволно информации.
E; 14.11.2014

- Според советниците, следење на работата на комисиите и советот преку веб-страните на општините, подетални извештаи за трошењето на буџетските средства, како и доволно време за запознавање со предлог-буџетот и начинот на којшто можат навремено да влијаат, може значајно да влијае на зголемување на транспарентноста и учеството на граѓаните во буџетскиот процес.
- Подготвеноста на советниците што се во мнозинство да не ги отфрлаат предлозите за измена на буџетот поднесени од другите советници, само поради тоа што се поднесени од опозицијата во советот, би можело значајно да влијае на зголемувањето на учеството и влијанието на советниците во буџетскиот процес.
- Советниците комуницираат со граѓаните во врска со приоритетите и структурата на буџетите на средби со граѓаните, како што имаат и соработка со извршната власт (градоначалникот) или одделението за финансии, поврзана со размената на документи, информации и податоци за буџетскиот процес.
- Најголема спротивставеност и дискусии во Советот постои околу донесување на кваралните извештаи, расходите и предлог-буџетот.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *ПЕРЦЕПЦИЈА на вработените во општината кои се вклучени во буџетскиот процес*

- Вработените во општините, помалку или повеќе, ги користат и добро ги разбираат буџетски документи. Најчесто ги користат буџетот и завршната сметка.
- Најважни документи се:буџетски циркулар, предлог буџет, донесен буџет, извештаи од јавна расправа или слични документи со предлози и мислења на граѓани, бизнис групи, НВО и сл.
- Најважни институции се: Градоначалникот, Совет на општината и граѓанскиот сектор.
- Најважни учесници кои придонесуваат за транспарентноста се: локалните медиуми-телевизии и радио.*
- Информации се споделуваат преку лични контакти со граѓаните и поретко со барање за пристап до информации од јавен карактер.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Коалиција за
буџетски мониторинг
www.kbm.mk

- Генерално, не постои некоја ситуација во која буџетскиот процес бил нарушен (прекршени рокови, законска регулатива итн.).
- Причини за најчести промени во буџетскиот процес (од измена на определени ставки, продолжување на рокови, барања за измени во буџетот итн.) се непредвидени и непланирани расходи и реализирање на приоритетни цели.
- Граѓаните се заинтересирани за работата на општините заради остварување на конкретни потреби и лични интереси.*
- Буџетските форуми, директните средби со граѓаните и политичките партии со своето делување би можеле значајно да влијаат на зголемување на транспарентноста и учеството на граѓаните во буџетскиот процес.
- Соработката со Министерството за финансии е добра.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *ПЕРЦЕПЦИЈА на граѓаните, ГО и новинарите*

- Граѓаните и претставниците на медиумите ретко ги користат и делумно ги разбираат буџетски документи.
- Главната причина за не/разбирање на буџетските документи е професионалниот стил на кои се напишани (неразбирливи класификации) и неповикувањето да се присуствува на седници на советот.
- Најважни документи во буџетскиот процес се: предлог-буџетот, донесениот буџет и извештаите.
- Најважни институции во буџетскиот процес се: советот на општината, градоначалникот и Министерството за финансии.
- Најважен учесник кој придонесува за транспарентноста на буџетскиот процес се граѓаните, градски власти и локалните медиуми.
- Граѓаните се запознаени со своите права за барање на информации од локалните власти и учествување во локалната власт.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

- Општините речиси никогаш не превземаат активности за да ги презентираат и поедностават информациите за буџетскиот процес/трошењето на средствата.*
- ГО, новинарите и граѓаните во главно, имале можност делумно да влијаат на внесување определени промени и забелешки во буџетот на нивните општини, за прашања поврзани со финансирање на проекти на ГО каде и општинта е партнер или корисник.**
- Средби со граѓаните, поголема соработка со ГО, поедноставување и доближување на целиот процес до граѓаните и истражување за нивните потреби може значајно да влијае на зголемување на транспарентноста на буџетскиот процес.
- Спремноста на локалните власти за нови проекти и донатори и инклузивниот однос кон граѓаните би можело значајно да влијае на зголемувањето на учеството и влијанието на ГО, граѓаните и новинарите во буџетскиот процес.***
- Промените во имплементирањето на буџетот многу ретко или воопшто не се прават транспарентно и ретко се презентираат преку медиумите.
- Дел од анкетираните имаат соработка со извршната власт (градоначалникот) или одделението за финансии поврзана со размената на потребните документи, информации и податоци за буџетскиот процес, поврзани со реализирање на проекти на ГО. Другиот дел воопшто не соработуваат и не бараат информации, бидејќи сметаат дека нема да ги добијат.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Коалиција за
буџетски мониторинг
www.kbm.mk

- За потранспарентен буџетски процес здруженијата кои се вклучени во процесите би воспоставиле соработка и механизам за меѓусебен проток на информации со градоначалникот; оние кои не се вклучени, сметаат дека треба да бидат повикани и да присуствуваат на седници на Советот; медиумите сметаат дека можат пореално да известуваат.
- Постојат причини зошто општините не отвораат дискусија за буџетот со граѓаните пред неговото донесување, во фазата на имплементирање и потоа.Тоа се најчето немањето слух за потребите на граѓаните и предвремената распределба дури и на строго наменски средства.
- Генерално, здруженијата не почувствувале притисок од локалните власти затоа што отвориле јавна дебата или известувале за некоја буџетска промена или импликации врз определени сфери од буџетот. Дел од нив се чувствуваат слободни да дискутираат на овие теми. Од друга страна, некои од анкетираните сметаат дека нема притисок бидејќи нема ниту дискусија, односно неисплаќањето на финансии за одобрени проекти всушност е своевиден притисок врз работата на ГО.
- Постои делумна слобода да се дискутира јавно за прашања/проблеми поврзани со локалниот буџет и буџетски процес, бидејќи ГО сметаат дека секоја добронамерна критика градските власти ја доживувале лично и поради тоа имаат страв од можни реперкусии во работата и семејството.



Проектот е финансиран од Европската Унија

# *Специфичности, забелешки препораки*

Врз основа на шестмесечниот мониторинг, **<u>објавувањето на записниците од седниците на советот на општина Богданци</u>** можеме да го истакнеме како најдобра практика во однос на транспарентноста на буџетските процеси.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Генерални проблеми на кој наидовме, а кој се однесува на повеќето општини:

- веб страните не содржат официјални е-маил адреси на општините, градоначалниците и телефонски броеви за контакт;*
- веб страните не содржат официјални е-маил адреси и телефонски броеви за контакт со членовите на Советот;
- веб страните не содржат официјални е-маил адреси и телефонски контакти со одговорните службеници и раководители на одделенија;
- необјавување на датумот и времето на одржување на седници на Советот;
- на веб страните не се истакнати сите општинските акти и документи поврзани со буџетскиот процес.

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

Нашите препораки до општинските власти се:

- 1. Надополнување на веб страните со минимум податоци и информации за контакти со службениците и советниците, со информации за буџетските процеси и документи, како и нивно тековно ажурирање.
- 2. Информирање на граѓаните за одржување на седници на советот и дневен ред, со навремено објавување на веб страната.
- 3. Да се поедностави процесот на пријавување на присуството на граѓаните на седница на Советот.*

Проектот е финансиран од Европската Унија